Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02. 12. 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5966/2 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ

## од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30 ноември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница)

*Забелешка: Надзорот е направен по службена должност на Агенцијата.*

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30 ноември 2014 година, е констатирано **прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Во програмата „Во недела попладне", емитувано е интервју со Тамара Грујич, водителката на програмата „Работна акција", изворно произведена на српски јазик. За времетраење на интервјуто, гостинката зборуваше на српски јазик и не беше обезбедено превод на македонски јазик.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Во недела попладне" | 15:30:34 | 17:23:49 | Во емисијата „Во недела попладне" е емитувано интервју на српски јазик, без соодветен превод на македонски јазик. |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 30 ноември 2014 година, во емисијата „Во недела попладне" е емитувано интервју на српски јазик, без соодветен превод на македонски јазик.

***Сектор за програмски работи***

*Датум на извршување на програмскиот надзор: 02.12.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Сектор за правни работи***